*СОЦИОЛОГИЈА НА ПРАВОТО, д-р Томислав Чокревски НИП "Студентски збор", Скопје 1996 год.*

Во своите напори да биде во функција на провоцирање, потпомагање и развој на научното творештво во Република Македонија, реномираниот издавач "Студентски збор" неодамна ни го понуди и својот најнов издавачки проект книгата "*Социологија на правотот*" од *проф. д-р Томислав Чокревски.* Станува збор за најнова креација на афирмираниот научен работник и универзитетски професор во сферата на социолошката мисла во Македонија и пошироко.

Со своите шест делови *(првиот дел: "Предмет и методи"; вториот дел: "Историски и теоретски основи на социологијата на правото"; третиот дел: "Општество, човек и право"; четвртиот дел: "Основни содржини и категории на предметот на социологијата на правото"; петтиот дел: "Социјалните функции на правото"; и шестиот дел: "Правото и сличните човекови творби")* оваа книга претставува една содржинска заокружена целина. Таа успева, за прв пат во македонската социолошка мисла, интегрално да го постави и елаборира прашањето на социјалниот карактер на правото и неговите социјални функции. Притоа, проф. Чокревски теоретскиот одговор на истражувањето на правото како општествена појава го лоцира во конституирањето на социологијата на правото како посебна социолошка дисциплина, која во високоразвиените земји има своја традиција и јасно определени предмет и методи на проучување на феноменот право. Во земјите во транзиција, вклучувајќи ја и Македонија, таквата традиција допрва треба да се гради. Тоа, всушност, во македонскиот културен круг и се прави со оваа книга. Ваквата констатација ја зголемува вредноста на оваа книга.

Авторот не ги прифаќа тезите дека правото е некаква боженска или вонисториска категорија. Тој правото го третира како општествена појава која настанала на определен степен од општествениот развој, во моментот кога созреале општествените потреби од поинакво нормирање на општествените односи. Класичните норми кои доминираат во услови на првобитното општество со појавата на поинаков општествен амбиент (кому печат му даваат приватната сопственост, класно-интересната подвоеност, новите социјални потреби и слично) се надополнуваат со правните норми со цел да се зголеми ефикасноста на регулирањето, насочувањето и опстојувањето на социјалните односи. Правото е општествен феномен, составен дел на општествената структура и е подложен на законитостите на социјалната динамика. "*Правото е*

*општествена појава, дел од поширокиот општествен систем и од нормативната стварност, кој по своите феноменолошки и онтолошки карактеристики претставува автономна структура заснована врз основните социјални вредности, како што е идејата за правдата организирана во цврст кохерентен и хиерархиски систем на норми чија социјална функција е да се регулираат егзистенцијалните содржини и односи на општеството, да се овозможи и обезбеди социјалната интеграција, организација и контрола, институционализацијата на егзистенцијалните општествени подрачја и односи (политика, економија, култура и др.), а чија битна карактеристика е налогот за нивното извршување обезбеден со принудата и санкцијата од државата".* (стр. 180). Вака определено правото е сочинето од бројни правни појави, процеси, односи, дејности и групи, како и цел еден организиран и институционализиран правен систем. Според авторот правото, во исто време, врши повеќе општествени функции кои помеѓу себе се дополнуваат: *функција на регулација; функција на социјална контрола; интегративна функција ; организациона функција (правото и социјалната организација) и репресивна и промоционална функција.* Овие функции се протегаат низ сите области на општествениот живот и труд (религијата, моралот, идеологијата, културата, семејството, државата, политичките партии, бирократијата и технократијата).

Социјалната природа и општествената детерминираност на правото со текот на времето станува предмет на проучување на социологијата на правото. Неа проф. Чокревски ја посматра како посебна социолошка, научна дисциплина "*која ги проучува структуралните, функционалните и генеричките особини и карактеристики на правните појави и на правото како систем, го проучува правото од аспект на глобалитетот на општеството и како резултат на определени општествени односи и процеси, општествените акции и комуникации*". (стр. 9). Социологијата на правото има свои соодветни методи и свое соодветно место како во структурата на општествените науки, така и во структурата на посебните социологии. Таа, истовремено, е во своевиден однос со сите овие науки пробивајќи си го своето место во богатиот и многуброен свет на теориското размислување за општествената стварност. Социологијата на правото, притоа, настапува со основната идеја да ја "*анализира правната стварност во рамките на општествениот систем и да ја прикаже како една од човековите творби, да ги открие и прикаже поврзаноста и зависноста на правото од општествените законитости, но и да го покаже значението на правото за општествениот систем и за опстанокот на човекот*". (стр.

30).

Книгата "*Социологија на правото*" на проф. д-р Томислав Чокревски претставува своевидно освежување во нашата социолошка мисла. Таа нуди една нова тематика на и во социолошкото проучување, досега незастапена во нашите социолошки расправи. Оттука, таа со право го привлекува научното и поширокото внимание како со својата содржина, така и со својот квалитет. Во неа уште еднаш се манифестира концизната, систематична, прецизна и повеќеслојна креативна мисла на авторот, што книгата ја прави уште попривлечна и поквалитетна.

**Д-р Ѓорѓи Тоновски**